# КРИТИКИ

Владо ИВАНОВСКИ

## ВАНЧО СТОЈЧЕВ: *БАЛКАНСКИОТ ШТАБ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО 1943*. СП. „ИСТОРИЈА“, СКОПЈЕ 2001, Г. XXXVII/1-2, с. 57-68.

Во последниот број на сп. „Историја“, орган на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија, во печатените прилози, вниманието ми го привлече статијата од Ванчо Стојчев, под наслов: „*Балканскиот штаб и македонското прашање во 1943*“. Насловот на статијата ме потсети на напис во објавениот труд од авторот: „*Воена историја на Македонија*“ Скопје 2000 год. стр. 678-685.

Сравнувајќи ги двата прилози констатирав дека содржината и на едниот и другиот напис е иста. Тоа ќе рече дека авторот едноставно насловот од „Воената историја...“ го предложил за објавување и во „Историја“. (Во еден од наредните броеви на сп. „Историја“ поопширно ќе се осврнеме на тоа, како проф. Ванчо Стојчев, во „*Воената историја...*“ ја обработува и презентира историјата на НОВ во Македонија, 1941-1945)“.

Немам намера да се мешам во уредувачката политика на Редакцијата на списанието, но колку што мене ми е познато, според нормативните акти, во него се печатат необјавени текстови. Во конкретниов случај дали се работи за исклучок или превид, не е мое да ценам. Но, ако Редакцијата знаела дека овој ракопис еднаш е објавен, коректно е према читателите, во забелешка да објасни и нагласи од кои причини го преобјавува?

Во ова пригода ќе се осврнам на некои фактографски неточности, погрешни толкувања, произволни оцени и недоречености, за она што значи содржина на препечатената статија.

Но, да одиме по ред.

На стр. 58, пасус прв, авторот цитирајќи бугарска литература, тврди дека: „На 12 април 1943 година во илегален стан во Софија се воделе разговори за создавање на Балкански штаб... Од југословенска страна на тој состанок учествувал Михајло Апостолски (Командант на ГШ на НОВ и ПО на Македонија)...“. Апсолутно не е точно дека Апостолски учествувал на таков состанок во Софија!? Тој податок Апостолски никаде не го споменува во своите многубројни писанија. Напротив, во ова време тој е во Скопје. Само не цел месец пред тоа, со реорганизацијата на ГШ на НОВ и ПОМ назначен е за командант на Штабот. Очигледно авторот Ванчо Стојчев некритички, без оградување го прифатил и стои зад податокот што го пласира бугарскиот автор. Доколку пак Ванчо Стојчев има други сознанија, го потврди изнесеното и об-

јави, тоа е друго прашање, ќе претставува значаен прилог и ќе ја збогати биографијата на Апостолски.

На истата страна, пасус трет, од горе, од презентираната содржина, произлегува дека македонската војска е создадена во јуни 1943 година? Повторно произволна оцена и нов бисер! Професорот Ванчо Стојчев, специјалист по воена историја, на Воената академија „Михајло Апостолски" во Скопје, треба да знае дека во текот на НОВ на Македонија, првите воени единици се создаваат во август 1943, со формирањето на првиот баталјон „Мирче Ацев", на 18 август 1943, на Славеј Планина-Охридско[1], а на 11 ноември 1943, во село Сливово-Охридско, се формира и Првата македонско-косовска бригада[2]. Професорот Стојчев, треба да знае дека, денот на формирањето на баталјонот „Мирче Ацев", се одбележува како ден на формирањето на Армијата на Република Макеонија (АРМ).

На стр. 59, пасус прв, попатно се кажува дека: „Кон средината на 1943 година македонското прашање повторно станало мошне значајно. Во Хитлеровите и во плановите на царот Борис, но и во плановите на балканските комунистички партии тоа имало стратегиски значење...". Во продолжение бегло се образлагаат само плановите на комунистичките партии, не и плановите на Хитлер и цар Борис. Веројатно поради неинформираност, професорот Стојчев, не пишува ништо за предлозите на германската известувачка служба, од јули 1943 упатени до Хитлера, за основање на самостојна Македонија по урнекот на Независна Држава Хрватск (НДХ), со главен град Солун. Хитлер од разни причини не го прифаќа предлогот.

На стр. 60/61, крајот на стр. 60 и почетокот на стр. 61, авторот го споменува критикуваниот проглас од јуни 1943,наводно напишан од Добривое Радосавлевиќ-Љубо, во кој Македонија се одвојувала од рамките на Југославија и се третира како нешто засебно. Притоа професорот Стојчев прави и пропусти и грешки. Не дава библиографски податоци за прогласот[3]. Второ, проф. Стојчев не прави разлика, меѓу пратеник, повереник, инструктор и делегат. За него Добривое Радосавлевиќ-Љубо или Орце е делегат! Што не е точно. Имено, 1941 година, повереник на ЦК КПЈ во Македонија е Драган Павловиќ-Шиљо[4]. Во 1942 година во август во Македонија како инструктор на ЦК КПЈ доаѓа Добривое Радосавлевиќ[5].

---

[1] Види: Михајло Апостолски, *Првите воени единици на НОВ и ПОЈ на Македонија*, Зборник, бригада на братсвтото и единството: Спомен-книга на Првата македонска-косовска ударна бригада, Скопје, 1958, стр. 37-46. Потоа, Владо Ивановски, *Од Дебарца до Рогошка Слатина, борбениот пат на Првата Макеонско-косовска бригада,*Скопје, 1964.

[2] Исто.

[3] Види: *Историски архив Комунистичке партије Југославије,* Том 7, Македонија у Народноослободилачком рату и Народној револицији, 1941-1944, док. бр. 53, стр. 135-140, потоа во *Извори кн. 1,* док. бр. 35, стр. 209-214 и на други места.

[4] Види: *Извори за Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, 1941-1945*, Том. 1, кн.1, Скопје, 1968, стр. 34, 37, 53, 54, 75, 158, 195, 256, 269, 294, 295, 295, 347, 396, 421, како повереник на ЦК КПЈ.

[5] Исто, стр. 265, 285, 303, 304, 312, 322, 324, 340, 349, 350, 353, 364, 368, 375, 369, 398, каде што се споменува, како инструктор на ЦК КПЈ.

Во февруари 1943, како делегат (а не пратеник, како што го именува авторот) на ЦК КПЈ и на ВШ на НОВ и ПОЈ во Македонија доаѓа Светозар Вукмановиќ-Темпо со неограничени овластувања[6].

Во истиот пасус не е јасно или некому му е јасно, што сака професорот да постигне, со тоа што во фуснота 9, наместо да го цитира изворно извештајот од Темпо, од август 1943 испратен од Македонија до ЦК КПЈ, тој тоа го прави посредно, преку делото на професорот од Белград Бранко Петрановиќ: „Балканска федерација 1943-1948, Београд 1991, стр. 63-64? Овој документ прв пат е објавен пред педесет и една година- 1951 година[7]. А потоа, уште неколкупати во Македонија, се разбира и во „Изворите за ослободителната војна и револуцијата во Македонија, 1941-1945" почнувајќи од 1968 година наваму[8].

На стр. 61, пасус последен. Не стои констатацијата на авторот: „Во тоа време (се однесува за периодот јуни-септември 1943 б.м.) раководството на НОВ на Македонија вложило големи напори да се воспостави соработка во Западна Македонија, каде што живееле Македонци и Албанци во рамките на италијанската конструкција „Велика Албанија..."! Авторот очигледно не сфаќа многу работи за оваа територија и време. Претходно зборува за создавање на слободни територии и воени единици, не споменувајќи притоа, на кој простор се создавале тие територии и единици. Не е точно дека на оваа територија живеат само Македонци и Албанци. Каде се Турците, каде се исламизираните Македонци, каде се Ромите? Во Западна Македонија, окупирана од Италија, се создадоа слободните територии 1943 година[9] и токму на оваа територија се формираа и првите воени единици[10]. Понатаму, на оваа територија се формира КПМ и ЦК КПМ и се одржа првата седница на ЦК КПМ[11]. Втората седница ЦК КПМ одржана е на 4 и 5 мај 1943 година во партизанската база во Лопушник[12], а во времето од 2 до 4 август истата година се одржа третата седница ца ЦК КПМ во Преспа[13]. И сите овие локации се наоѓаат на територија под италијанска окупација. Не сакам да верувам, дека авторот на овој начин има намера да ја прикаже бугарската фашистичка окупација, во однос на ита-

---

[6] Види: *Извори...* кн. 1, стр. 411; *Извори...* кн. 2, почнувајќи од стр. 9, заклучно со стр. 415, Темпо се споменува повеќе од 92 пати, како делегат на ЦК КПЈ и ВШ на НОв и ПОЈ.

[7] Види: *Историски архив Комунистичке партије Југославије,* Том 7, Македонија у Народноослободилачком рату и народној револуцији, 1941-1944, Београд, 1951, док. бр. 77, стр. 229-245.

[8] *Извори за Ослободителната војна и револуцијата во Македонија*, 1941-1945, Том. 1, кн. 2, Скопје, 1968, док. бр. 38, стр. 163-205 и на други места.

[9] Поопширно за ова види: *Зборник Слободните територии во Макдонија 1943,* Скопје 1975, стр. 1-679.

[10] Исто, како фуснота бр.1.

[11] Види: *Љупчо Арсов, Формирањето на КПМ,* Скопје 1973,стр.64; потоа Зборник: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, Скопје, 1980, Книга 1, стр. 1-608 и книга 2, стр 613-1240 и на други места.

[12] Види: Миле Михајлов, *Состанокот на ЦК КПМ одржан на 4 и 5 мај 1943 година во Лопушник.* Зборник: Слободните територии во Македонија 1943, Скопје, 1974, стр. 79-88.

[13] Види: *Владо Ивановски,Преспанскиот состанок на ЦК КПМ,* Скопје 1983, стр, 34, потоа цитираниот Зборник за Слободните територии и Зборникот за Формирањето и развојот на КПМ... и на други места.

лијанската во Западна Македонија, како посноslива. Напротив[14].

На стр. 63, паус 2, авторот не ги зема предвид стратешките интереси на големата тројка од Антихитлеровската коалиција: СССР, Велика Британија и САД. Без опсежна анализа на нивните ставови и интереси кон Европа, потоа Балканот во целина, а во тие рамки и кон Македонија[15], не може да се сфати што сака авторот да каже?

На стр. 64, ред 10 од горе, наместо името на Тито, треба да стои името на Темпо.

За времето и местото на формирањето на КП и ЦК КПМ, во македонската историографија е пишувано прилично. Редно било авторот, заради корисниците на „Историја" да спомене некој од тие написи.

Апсолутно не стојат оцените на авторот изнесени во последните редови на првиот пасус на стр. 64 и во наредниот пасус, каде што со таков пристап се третира прашањето за автономната идеа во Македонија. Изнесеното противречи на некои претходно изнесени ставови на авторот. Во македонската историографија е пишувано многу и за ова прашање. Вака изгледа, како авторот за прв пат да го покренува тоа прашање.

На стр. 66, изнесените ставови, во врска со тоа дека идејата „за формирање на Балканскиот штаб, влијаело востанието во Македонија во 1943 година, да добие широки размери „не одговара на вистината, покрај другото и од тие причини, што идејата за Балканскиот штаб, се вртела, ако воопшто се вртела, во мал круг на луѓе. Прашање е Темпо, дали воопшто се консултирал со раководни кадри во Македонија? Да не зборуваме, дека со оваа идеја и активност биле запознаени масите[16].

Авторот не прави разлика меѓу состанок и советување. Во истиот пасус Преспанскиот состанок на ЦК КПМ авторот го именува со советување. Во македонската историографија, тоа прашање е расчистено пред триесетина години. Потоа одлуките на состанокот не се донесени на 2 август 1943. Состанокот трае од 2 до 4 август. Првиот ден на Втори август, членот на ЦК КПМ, Кузман Јосифоски-Питу, поднесува реферат по повод 40-годишнината од Илинденското востание (1903-1943)[17]. Исто така, за овој состанок и за рефератот од Питу во македонската историографија има достатно пишувано. Ако го знаел тоа и ако ги простудирал печатените трудови за овој проблем, немаше да тврди дека „...на ова советување бил формиран Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ, кој потоа се преформирал во Антифашистички национал-

[14] Види: Цветко Узуновски, *Преместувањето на политичкото и военото раководство на Маакедонија од Скопје во Лопушник и неговото значење за разгорување на востанието,* Зборник, Слободните територии во Македонија 1943, стр. 37-49.

[15] Види: Владо Ивановски, *Настаните од 7 јануари 1945 година во артилериските бригади ва Скопје,* Зборник: Главниот штаб на НОВ и ПОМ 1941-1945, Скопје, 1997, стр. 113-123; потоа: *Настаните на Скопското Кале на 7 јануари 1945 година-документи,*Скопје, 1997 и на други места.

[16] Види: Велимир Бразоски,*Ослободителната војна во Македонија во 1943 на територијата на СР Македонија.* Скопје, 1971, стр. 415; Владо Ивановски, *Ослободителната војна во Западна Македонија, 1941-1944*, Скопје, 1973, стр 362 , и на други места.

[17] Види: *Прилози за Илинден 11,* Скопје, 1979, стр. 612-643, потоа. Види фуснота бр. 12 и на други места.

нослободителен комитет (АНОК)". Прво, неправилно ја толкува кратенката АНОК. Не е Антифашистички националноослободителен комитет туку: АКЦИОНЕН НАРОДНО - ОСЛОБОДИТЕЛЕН КОМИТЕТ (АНОК)[18].

Ова е расчистено пред 38 години. Имено, во октомври 1964 година, во Македонија се одржа прв научен собир, по повод 20-годишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ. На собирот беше промовиран „Зборник на документи АСНОМ -1944-1964", под редакторство на проф. Александар Т. Христов и асистентот Миле Тодоровски. Прашањата, како, АНОК, Иницијативен одбор и други, се мошне документирано обработени. Второ, Иницијативниот одбор за подготовки и свикување на АСНОМ, формиран е во почетокот на октомври 1943 во с.Црвена Вода-Охридско. По Преспанскиот состанок на ЦК КПМ, Кузман Јосифоски-Питу добива задача и заминува за Скопје, каде што набргу потоа го формира АНОК. По формирањето на Иницијативниот одбор, АНОК постапно престанува со својата функција.

Исто така не стои констацијата, дека Темпо затоа што ги прекинал активностите околу Балканскиот штаб, по германската офанзива барал да се оди на Косово. Престанувањето на активностите околу Балканскиот штаб, немаат никаква логика и врска да се поврзуваат со прашањето за напуштањето на слободната територија во Дебарца 1943. Напуштањето на оваа територија беше изнудено од германската офанзива[19].

Низ текстот авторот ја провлекува мислата, како во раководството на НОД на Македонија да има две изразити струи: едната ја нарекува следбеници на македонското национално ослободување и обединување, а другата очигледно за некои други цели? Вака нафрлена ова идеја, без притоа да се образложи, внесува само поголема забуна. Напротив раководството на НОД на Македонија, за време на војната, мошне трезвено размислувало и ги објективизирало состојбите, преземајќи притоа соодветни мерки, кои единствено биле возможни во одредени кризни и пресвртни ситуации, што не значи дека немало и пропусти.

На крајот да повторам дека целта на моево јавување, е да придонесам и корегирам некои очигледни фактографски неточности, што се провлекуваат во написот на проф. Стојчев, кои кај корисниците што не ја познаваат проблематиката, можат да создадат искривена слика за настани од периодот на Народноослободителната војна во Македонија, 1941-1945.

---

[18] Види: *Зборник на докумнети АСНОМ, 1944-1964,* Скопје, 1964, *Улогата и местото на Иницијативниот одбор во системот на органите на НОБ до свикување на АСНОМ,* стр. 27-36 и на други места.

[19] Вид: Михајло Апостолски, *Ослободителната војна на македонскиот народ,* Скопје 1965, стр.193.